# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ПЕДАГОГИЈА И ДИДАКТИКА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2105-37/5 од 22.1.2014 година, донесена на 49. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 22.1.2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области *педагогија и дидактика* на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 25.12.2013 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Снежана Мирасчиева, вонреден професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Снежана Мирасчиева** е родена на 25 октомври 1965 година во Штип. Основно и средно образование (гимназија) завршува во Штип. Образованието го продолжува на Педагошката академија „Гоце Делчев“ во Штип, како редовен студент на групата Одделенска настава. Студиите ги завршува во 1986 година. Во учебната 1986/1987 година се запишува на Филозофскиот факултет на Институтот за педагогија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала со трудот од областа на дидактиката, на тема *„Ученикот како субјект во наставата“* во 1990 година. Во 1992 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за педагогија на дидактичко-методска насока, кои успешно ги завршува со одбрана на магистерскиот труд со наслов *„Примена на проблемската настава во основното училиште“* на 29 април 1996 година и се стекнува со звањето магистер на педагошки науки.

Докторира во 2004 година на Филозофскиот факултет во Скопје, на тема „*Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште*” и се стекнува со научен степен доктор по педагошки науки.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 1996 година е избрана за асистент по предметот *Дидактика* на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, а во 1999 година е преизбрана за асистент по истиот предмет, кога ѝ е доверена и настава по предметот *Историја на педагошки идеи*.

На 23 декември 2004 година Наставно-научниот совет на Факултетот ја избра д-р Снежана Мирасчиева во звање доцент по предметот *Дидактика* на Одделот за одделенска настава и на Одделот за предучилишно воспитување. При изборот се вреднувани сите активности, учества и трудови, објавени во Билтен на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје (број 861 од 15.11.2004 година).

Со голема посветеност работи на својата академска кариера, така што на 18 септември 2009 година Наставно-научниот совет на Факултетот ја избра д-р Снежана Мирасчиева во звањето вонреден професор по предметите *Дидактика*, *Дидактика 1, Дидактика 2, Методика на работа со надарени деца* (изборен), *Образовна технологија* (изборен) и *Педагошка комуникација* (изборен) на прв циклус студии на двата отсека. Во реферотот за избор во звањето вонреден професор е евалуирана целокупната активност на кандидатката (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност) и истиот е објавен во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, бр.26 од 3.9.2009 година.

Од учебната 2009/2010 година е ангажирана за реализација на наставата на втор циклус студии по предметите: *Комуникација во наставата*, *Технологија на наставен процес*, на студиските програми Дидактика, Училишна педагогија и Менаџмент во образованието и образовна политика, како и *Евалуација на образованието* и *Современи дидактичко-методски тенденции* - студиска програма дидактика, односно *Дидактика*, *Технологија на наставен процес, Методика на наставата по религиско образование* (заедно со проф. д-р Владо Петровски) на студиската програма од втор циклус - специјалистички студии по методика на наставата по религиско образование, како и *Педагогија* (во рамките на програмата за педагошка доквалификација), односно *Методика*. Во програмата за втор циклус специјалистички студии - стекнување на наставнички компетенции ја реализира наставата по предметите *Дидактика 1 – Курикуларен пристап* и *Дидактика 2 - Поучување и настава*, како задолжителни предмети и наставата по предметот *Евалуација на образованието,* како изборен предмет. Исто така, ја реализира наставата по *Технологија на наставниот процес* за студентите од втор циклус академски студии, модул Математичко-информатичко образование на Факултетот по информатика. Во учебната 2012/2013 година ја реализира наставата по *Дидактика* на студиските програми: математика, биологија и географија/наставна насока на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Од учебната 2013/2014 година ја реализира наставата по предметите *Социјална педагогија* и *ИКТ во образованието* на двата отсека, прв циклус на студии и наставата по предметите *Современи концепти на социјалната педагогија* и *Професионалниот идентитет на социјалниот педагог* на втор циклус студии, студиска програма Социјална педагогија. Исто така, од академската 2013/2014 година е ангажирана за реализација на наставата по предметот *Теорија на методика на наставата по историја* на студиската програма од прв циклус Историја со археологија - наставна насока на Филолошкиот факултет. На истоимениот факултет е ангажирана во наставните активности по предметите *Методика на работа со надарени деца* и *Образовна технологија*.

Проф. д-р Снежана Мирасчиева менторирала повеќе дипломски трудови, а во повеќе наврати била член на Комисија за оценка и одбрана на дипломски трудови. Има менторирано шест магистерски труда и била член на комисија за оценка и одбрана на седум магистерски труда. Исто така, менторирала триесет специјалистички трудови на втор циклус студии-специјалистички студии по методика на наставата по религиско образование и членувала во комисии за оценка и одбрана на специјалистичките трудови на четириесет кандидати.

Проф. д-р Снежана Мирасчиева во неколку наврати била член на рецензентски комисии за подготвување и поднесување на писмени реферати за избор на соработници на Педагошкиот факултет и на наставници на Воената академија во Скопје.

Проф. д-р Снежана Мирасчева како воведничар учествува на трибината со средношколци реализирана на 13 април 2010 год. во рамки на проектот „Инвестирај во своето образование“ финансиран од генералниот секретаријат на Владата на Р. Македонија, а имплементиран од страна на Коалиција на младински организации.

Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на седницата одржана во март 2012 година, донесе Одлука за избор на членови на Редакцискиот совет на Годишниот зборник на трудови на единицата, каде што е член и проф. д-р Снежана Мирасчиева.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на седницата одржана на 4 септември 2013 год., кандидатката е вклучена во организирањето и реализирањето на научно-стручната трибина по повод 5 октомври - Светскиот ден на учителот, која беше организирана од страна на Факултетот за образовни науки.

Проф. д-р Снежана Мирасчиева е уредник на Монографијата ОЈУДГ „АСТИБО“ 1980-2010 ‚Растеме заедно (ISBN 978-9989-57-680-5) која е објавена во 2010 година.

Исто така, таа е член на редакциски колегиум на меѓународниот зборник (научно-методичко списание) Сборник „Личностно развитие на учениците в съвременното образование и общество“ (ISSN 1314-1996), (том V) 2011, Благоевград-Санкт Петербург, УИ „Неофит Рилски“ Благоевград.

Проф. д-р Снежана Мирасчиева е еден од рецензентите на списанието за образовна теорија и практика – „ВОСПИТАНИЕ” (год. 7, број 11, 2010/2011 и год. 8, број 12, 2012/2013 год.).

Проф. д-р Снежана Мирасчиева, како претседател на Комисијата за образование на Општина Штип е уредник на Зборникот на трудови од научно-стручната расправа на тема „Образованието и воспитанието – од традиција до современост" (ISBN 978-9989-147-96-8), одржана на 22 мај 2013 година во Собранието на Општина Штип.

Во периодот помеѓу двата избори **доцент** и **вонреден професор** има учествувано на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции, во земјава и во странство, при што има објавено поголем број на научни и стручни трудови.

***Презентации и учества***

1. **Мирасчиева, С. (2004).** *The teacher in the 21st century,* Втора ессена научна конференция „Обучение и възпитание в началните училища, детските градини и специалните училищни заведения", 20-25 септември, Китен, Бугарија.
2. **Мирасчиева, С.,** Ѓорѓева, П. Е**.** (**2004**)**.** *Modern School from Studen t's Angle*,2nd International Balkan Education Kongress „Searching excellence in education",8-10 October, Edirne, Turkey.
3. **Мирасчиева, С. (2004).** *Cooperate relation between teacher and pupils in teaching-way to school without bad pupils,* International science conference „School without un-sucsesful  pupils", 28-30 October, Pula, Hrvatska.
4. **Мирасчиева, С. (2005).** *Culture and communication in a function of the human development,* Scientific Conference „Cultural Right in The European Perspectives'" within the framework of the International festival of Youth - Euroarts 2005, 9-10 May, Blagoevgrad.
5. **Мирасчиева, С. (2005).** *Функции на современиот наставник*, Научна конференција „Примарното и континуирано образование на учителот", 26 мај, Штип.
6. **Мирасчиева, С. (2005).** *Intercultural communication in teaching,* The third international balkan scientific congress Interculturality in educational process, 22-24 September, Stip, Macedonia.
7. **Мирасчиева, С.,** Стојанова, И. (**2005**)**.** *Tecnological modeling of teaching biology the primary schools in the Republic of Macedonia*, Научна конференция „Природни науки 2005",30.09-03.10., Варна, Бугарија.
8. **Mirascieva, S. (2006).** *The culture of communication as an strategy-an importante of a modern education,* Scientific conference "National cultures and europian identity", Blagoevgrad, 8-9 may.
9. **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva E., Petrovski, V. (**2006**)**.** *A positive relation between the teacher and the pupil in teaching-a condition for more successful teaching*, Fourth Autumn Scientific Conference "Teachers and social workers training in view of europan integration", 18-22 September, Kiten.
10. **Mirascieva, S. (2006).** *About some micro didactic dimensions of teaching and learning as a part of the new pedagogical technology*, Юбилейна научна конференция „Педагогическото образование в България:състояание и тенденции", Благоевград, 27-28 октомври.
11. **Mirascieva, S. (2007).** *WEB QUEST  i ucenje preko resavanja problema ili ojednom spoju savremenog i tradicionalnog,* Cetvrti medjunarodni simpozijum "Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja", Novi Sad, 26-27 januar.
12. **Мирасчиева, С., (2007).** *Ефективните комуникациски дейности-основа за успешна възпитателна работа в детската градина*, Осма международна научно-практическа конференция „Съвремени тенденции в предучилишното възпитание", Сандански,12-13 април.
13. **Mirascieva, S. (2007).** *Communication, media and culture*, Scientific Conference "Europa as cultural space", Blagoevgrad, 7-11 maj.
14. **Мирасчиева, С. (2007).** *Методот на игра во наставата со деца од раноучилишна возраст - тенденција или потреба*, Научна конференција  „Современи тенденции во наставата", Штип, 23 мај.
15. **Мирасчиева, С. (2008).** *С работа в екип на вазпитателите до поуспешна и поефективна вазпитателно-образователна работа в детската градина*,

Девета меѓународна научно-практична коференција „Современи тенденции во предучилишното воспитание" Сандански, 8-9 мај.

16. **Mirascieva, S. (2008).** *Media in europian intercultural dialogue, International scientific conference „Intercultural dialogue and integration*", Blagoevgrad: 12-13 May.
17. **Мирасчиева, С. (2008).** *Со активно поучување до активно учење - од традиција до современост*, Меѓународна научно-практична конференција „Основното и предучилишно воспитание и образование - предизвик на 21 век", Штип 23 мај.

Д-р Мирасчиева е коавтор на Програмата за реализација на заедничкиот проект за размена на студенти меѓу Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" - Штип и Педагошкиот факултет при ЈЗУ „Неофит Рилски" - Благоевград, Бугарија и учесник во реализација на истата во периодот од 16.4. до 21.4.2007 година во Благоевград и 23.4. до 28.4.2007 година во Штип.

На покана на Педагошкиот факултет при Тракискиот универзитет во Едрене, Р. Турција, има одржано предавање на тема „Образовна комуникација-менаџмент во училница" (1.5-2.5.2006 година).

***Објавени стручни и научни трудови до изборот за вонреден професор***

1. **Мирасчиева, С. (2004).** *The teacher in the 21st century,* Зборник „Обучение и възпитание в началните училища, детските градини и специалните училищни заведения", София, Бугарија.
2. **Мирасчиева, С.,** Ѓорѓева, П. Е. **(2004).** *Modern School from Studen t's Angle,*2nd International Balkan Education Congress „Searching excellence in education",8-10October, Edirne, Turkey.
3. **Мирасчиева, С. (2004).** *Cooperate relation between teacher and pupils in teaching-way to school without bad pupils,* International science conference School without un-sucsesful pupils, 28-30October, Pula, Hrvatska.
4. **Mirascieva, S. (2004).** *Communication as a strategy in the social integration of children with special needs,* Юбилейна научна конференция с международно участие „Култура и образование-перспективи", Сборник-II част, Пловдив, Бугарија.
5. **Mirascieva, S. (2004).** *The problem of democratic communication and formation of the system of values with children in kindergarden,* Юбилейна научна конференция с международно участие Култура и образование-перспективи, Сборник-III част, Пловдив, Бугарија.
6. **Мирасчиева, С. (2004).** *Еден пристап кон теоријата на Роџерс од аспект на комуникацијата во наставата*, сп. Педагошка практика, Скопје, год.2,бр.1.
7. **Мирасчиева, С. (2004).** *Социолошко-културните теории - еден од основните теориски постулати на наставната комуникација,* Годишен зборник, Штип, год.3, бр.3-4.
8. **Мирасчиева, С. (2005**). *Humanistički stil komunikacije nastavnika sa učenikom- jedan od mogućih puteva unapređivanja vaspitno-obrazovnog procesa*, Zbornik Tehnologija – Informatika – Obrazovanje 3, Beograd, Srbija.
9. **Мирасчиева, С. (2005).** *Culture and communication in a function of the human development,* Годишник том III, Благоевград: ЈЗУ„Неофит Рилски".
10. **Мирасчиева, С. (2005).** *Функции на современиот наставник*, Зборник 2002-2005, Штип, ГАУ.
11. **Мирасчиева, С. (2005).** *Intercultural communication in teaching,* Third International Balkan Scientific Congress „Interculturality in educational process", 22-24 September, Stip, Macedonia.
12. **Мирасчиева, С. (2005).** *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште,* Штип, Педагошки факултет.
13. **Мирасчиева, С. (2005).** *Развитие на комуникационната компетенция- съвременна тенденция в едукацията на бъдещите учители и възпитатели*, Сборник „Личностно развитие на учениците в съвременното образование и общество", Благоевград-Санкт Петербург-Елецк.

14. **Мирасчиева, С. (2006).** *Комуникацијска компетентност наставника основних школа у Републици Македонији,* Зборник радова са међународне научне конференције „Развијање комуникационих компетенција наставника и ученика", Јагодина, Србија.
15. **Mirascieva, S.,** Stojanova, I. (**2006**). *Technological modelling of teaching biology the primary schools in The Republic of Macedonia*, Annual of Konstantin Preslavsky University,Vol. XVI B3, Shumen.
16. **Mirascieva, S. (2006).** *The culture of communication as an strategy-an imperative of a modern education,* Годишник том IV Национални култури и европейска идентичност, Благоевград, ЈЗУ„Неофит Рилски".
17. **Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E., Petrovski,V. (**2006**)**.** *A positive relation between the teacher and the pupil in teaching-a condition for more successful teaching*, Proceeding of the Fourth Autumn Scientific Conference "Teachers and social workers training in view of european integration", Kiten.
18. **Mirascieva, S. (2006).** *About some micro didactic dimensions of teaching and learning as a part of the new pedagogical technology*, Сборник „Педагогическото образование в Българиа – състояание и тенденции", Благоевград: УИ„Неофит Рилски".
19. Petrovski, V.**, Mirascieva, S. (2006).** *Family as a factor of education in The Republic of Macedonia-an ethnic dimension*, Сборник „Педагогическото образование в Българиа – състояание и тенденции", Благоевград: УИ„Неофит Рилски".
20. **Mirascieva, S. (2006).** *Importance of E-learning and its role in society*, The third international conference on informatics, educational technology and new media in education, Sombor.
21. **Мирасчиева, С. (2005/06).** *Професионалните димензии на наставната комуникација,* сп. Воспитание, бр.6-7, Штип.
22. **Мирасчиева, С. (2005/06).** *Наставникот-менаџер во училница*, Годишен Зборник на Педагошки факултет, Штип, Год.4, книга 5-6.
23. Gjorgjeva, P. E., **Mirascieva, S**., Petrovski, V. (**2006**)**.** *Solving the problem of waste*, II International symposium of ecologists of the Republic of Montenegro, Proceedings of the symposium, Kotor
24. **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, E., Petrovski, V**.** (**2007**)**.** *IKT u nastavnoj komunikaciji i cilju stvaranja drustva znanja i ucenja*, Zbornik "Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja 4", Novi Sad-Beograd, IPI-CRPNTI-PMF.
25. **Mirascieva, S. (2007).** *WEB QUEST i ucenje preko resavanja problema ili o jednom spoju savremenog i tradicionalnog,* Zbornik "Tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja 4", Novi Sad-Beograd, IPI-CRPNTI-PMF.
26. **Мирасчиева, С**., Китанов, Б. (**2007**)**.** *Комуникацията в детската градина*, Сборник „Съвремени тенденции в предучилищното възпитание", Сандански: Община Сандански.
27. **Мирасчиева, С. (2007).** *Ефективните комуникациски дейности-основа за успешна възпитателна работа в детската градина*, Сборник „Съвремени тенденции в предучилишното възпитание", Сандански: Община Сандански.
28. **Mirascieva, S. (2007).** *Communication, media and culture*, Годишник том V Европа като културно пространство", Благоевград, ЈЗУ „Неофит Рилски".
29. **Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E., Petrovski,V**.** (**2007**) *The new communicational media-new possibilities in the development of culture*, Годишник том V „Европа като културно пространство", Благоевград, ЈЗУ„Неофит Рилски".
30. Petrovski, V., **Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E. (**2007**)**.** *Bloom's taxonomy (classification of cognitive areas – analyzing, creating, evaluation),* Годишник том V„Европа като културно пространство", Благоевград ЈЗУ„Неофит Рилски".
31. Petrovski, V., **Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E. (**2007***)*. *Education and its role in the changes in modern society*, Годишник том V „Европа като културно пространство", Благоевград ЈЗУ„Неофит Рилски".
32. **Mirascieva, S. (2007).** *Teacher's key competences in the function of teaching quality*, Fourth Balkan congress "Education, the Balkans, Europe", Stara Zagora.

33. **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, E., Petrovski, V**. (2007).** *ICT in teaching and learning and the new role of teachres in ict environment,* Fourth Balkan Congress “Education, The Balkans, Europe”, Stara Zagora.
34. Gjorgjeva, E., **Mirascieva, S.,** Petrovski, V. **(2007).** *Училищната структура като организациона система,* Fourth Balkan Congress “Education, The Balkans, Europe”, Stara Zagora.
35. Petrovski, V., **Mirascieva, S**., Gjorgjeva,E. **(2007).** *Образованието и неговата роля в променащтото си модерно общество*, Fourth Balkan Congress “Education, The Balkans, Europe”, Stara Zagora.

**Mirascieva, S. (2007).** *About some aspects of differentiation in teaching*, Пета есенна научна конференција „Приемственост и перспективи в развитието на педагогическата теория и практика, Китен www.fnpp.uni-sofia.bg/FNPP/BG/ Konf /V_Programa.htm

**Mirascieva, S**., Gjorgjeva, E., Petrovski,V**. (2007).** *With partnership between teachers and parents to a more effective teaching,* Пета есенна научна конференција „Приемственост и перспективи в развитието на педагогическата теория и практика“, Китен www.fnpp.uni-sofia.bg/FNPP/BG/Konf/V_Programa.htm

**Mirascieva, S. (2007).** *About some didactic aspects of preschool education in The Republic of Macedonia,* Международной научно-практической конференции „Традиции и инновации в дошколъном образовании (7-9 ноября)“, Москва, Федералъное агентство по образованию.

Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, E.**(2007).** *Education and socioeconomic status of the family in the Republic of Macedonia,* The 10th international conference „Educational research and school practice“, Beograd, www.ipisr.org.rs/Naucni Skupovi.aspx

**Mirascieva, S.,** Petrovski, V**.,** Gjorgjeva, E.**(2007).** *Poverty in the family and the school performance of children***,** The 10th international conference „Educational research and school practice“, Beograd, www.ipisr.org.rs/NaucniSkupovi.aspx

**Мирасчиева, С. (2007).** *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште, II изд*. Штип, Педагошки факултет.

**Мирасчиева, С.,** Богданова, Н.**(2007).** *Правата на детето во одделенска настава со метод на игра (реализација на проектот),* сп. Образовни рефлекси, Скопје: Биро за развој на образованието, бр.1.

**Мирасчиева, С. (2008).** *Методот на игра во наставата со деца од раноучилишна возраст - тенденција или потреба***,** Зборник 2005-2008 Штип, ГАУ.

**Мирасчиева,С. (2008).** *Комуникацијата во училницата*, сп.Воспитание**,** Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Педагошки факултет, год.5, бр.*8-9*.

***Мирасчиева, С. (2008).*** *Комуникациската парадигма во наставата*, Годишен Зборник, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Педагошки факултет, книга 7, год.5.

**Mirascieva, S.,** Petrovski, V. **(2008).** *For An attempt of integration of e-learning in the course of didactics*, Zbornik radova-selected topics „Society of knowledge“, Sombor-Maribor.

**Мирасчиева, С. (2008).** *С работа в екип на възпитателите до по-успешна и по-ефективна възпитателно-образователна работа в детската градина*, Сборник „Съвремени тенденции в предучилищното възпитание“, Сандански: Община Сандански.

**Mirascieva, S. (2008).** *Media in europian intercultural dialogue*, Scientific Conference “Intercultural dialogue and integration”, Blagoevgrad 12-13 may.

Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Jakimova, D**.(2008).** *The multiethnic and the reflections of the education in the Republic of Macedonia*, Scientific Conference “Intercultural dialogue and integration”, Blagoevgrad 12-13 may.

**Мирасчиева, С. (2008).** *Конструктивистичната теория–дидактическа парадигма и дидактическа основа*, Сборник „Личностно развитие на учениците в съвременното образование и общество“ (том 2), Благоевград-Санкт Петербург.

**Мирасчиева, С. (2008).** *Со активно поучување до активно учење-од традиција до современост*, Меѓународна научно-практична конференција „Основното и предучилишно воспитание и образование - предизвик на 21 век“,Штип: 23 мај.

**Mirascieva, S. (2009).** *E-learning and the development of the professional skills*,5th International Conference on Informatics, educational technology and new media in education, Sombor 28-29 March.

Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Jakimova, D. **(2009).** *Socialization and* e*-learning*, 5th International Conference on Informatics, educational technology and new media in education, Sombor 28-29 March.

**Mirascieva, S. (2009).** *The teacher and ICT in the modern teaching*, V Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad.

**Mirascieva, S.,** Petrovski, V. **(2009).** *The new roles of the student in ICT learning environment*, 5th Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad.

**Mirascieva, S.,** Kroteva, M. **(2009).** *New dimensions of the interaction in teaching*, 5th Medjunarodni simpozijum tehnologija, informatika i obrazovanje za drustvo ucenja i znanja, Novi Sad.

Petrovski,V., **Mirascieva, S.,** Jakimova, D.**(2009).** *Ethnical nationality in Macedonia and the educational language of the members of ethnical communities***,** 12th International Conference "Inclusive education in the Balkan countries-policy and practice", Ohrid 25-27 june (poster presentation).

***Во изборниот период 2009-2014 година, кандидатката д-р Снежана Мирасчиева, вонреден професор, има објавено повеќе стручни и научни трудови.***

1. Kroteva, M., **Mirasčieva, S. (2009).** *Finding a clue for gifted and talented children,* First International Scientific Conference "Gifted and Talented creators of the progress - theory and practice", Ohrid, 16-17 October.

Во трудот е претставена состојбата во Р. Македонија во однос на прашањето за можностите за развој на надарените и талентирани ученици, како и влијанието на социјалните и институционални фактори во заедницата за поддршка и насочување на нивниот натамошен развој.

2. Мирасчиева, **С. (2009).** Циљеви и задаци у концепцијама основног васпитања и образовања у Републици Македонији, Међународна научна конференција „Циљеви и задаци васпитно-образовног рада", Ужице, 13 новембар.

Предмет на интерес во овој труд се целите и задачите на воспитно-образовната работа во различни концепции за основно образование во Р. Македонија. Компаративната анализа покажува дека станува збор за длабоки промени во содржински и структурен аспект и премин од декларативност кон таксономски и операционализиран приод кон воспитно-образовните цели и задачи.

3. Мирасчиева, **С. (2009).** *Професионалното развитие на възпитателите в детските градини в Република Македония - за един наш опит. Меѓународна научна конференција „Предучилишното детство и одговорностите на современото општество", Бургас*, 25-27 ноември.

Перманентното образование на воспитувачите во детските градинки во Р. Македонија во последните години се актуализира. Во таа смисла се преземаат одделни чекори меѓу кои и различни модели на професионално усовршување и перманентно образование што е предмет на интерес во трудот. Со истражувањето се потврдува дека семинарскиот модел на професионално усовршување е прифатен од страна на воспитувачите, со нивно активно вклучување во истиот.

4. **Mirascieva, S.,** Kroteva, M**. (2009).** *Language barriers - a problem towards effectiveness of the pedagogical staff*, Меѓународна научна конференција „Предучилишното детство и одговорностите на современото општество", Бургас 25-27 ноември.

Трудот се фокусира на потребата и значењето на наставата по странски јазик во студиските програми за подготовка на идни наставници. Истражувањето укажа на јазичните бариери определни како непознавање на светски јазик како сериозен проблем во професионалниот развој на наставниците и воспитувачите.

5. **Mirascieva, S.,** Kroteva, M**. (2009).** *English exceeds and language barriers,* The 5th International Balkan Education and science congress, October 1-3, Edirne, Turkey.

Овој труд ја третира потребата од изучување на странски јазик, посебно англискиот поради фактот што е заеднички јазик на европското тло и е доминантен. Овде се потенцирани предностите и последиците од познавањето, односно непознавањето на англискиот јазик.

6. Petrovski, V**., Mirascieva, S. (2009).** *Language issue and education in Republic of Macedonia,* The 5th International Balkan Education and science congress, October 1-3, Edirne, Turkey.

Во овој труд авторите водени од фактот дека Р. Македонија е мултиетничка заедница каде што службен јазик е македонскиот јазик, го обработуваат прашањето на јазикот на етничката заедница и неговите импликации во јавниот живот особено во образовните институции и образовниот процес каде што ова прашање е покомплексно.

7. **Mirascieva, S.,** Petrovski, V**. (2009).** *Education, culture and religion in the multietnic macedonian community,* The 5th International Balkan Education and science congress, October 1-3, Edirne, Turkey.

Трудот го третира прашањето за третманот на трите општествени феномени во македонската мултиетничка заедница. Имено, развојот на македонското општество денес е определен од интеграцијата на трите клучни социјални феномени како образование, култура и религија. Трудот го обработува прашањето за тоа, како функционираат тие феномени, во какви интеракциски односи се и каков статус има секој од нив во целокупното општествено живеење.

8. **Mirascieva, S. (2010).** *The integrated access in the preparation and planning of the teaching process at the primary schools in Republic of Macedonia,* from World Conference on Educational Sciences "*Innovation and Creativity"* Bahcesehir University, Istanbul – Turkey, 04-08 February, Procedia Social and Behavioral Sciences Journal, ISSN 1877-0428, Vol 2, Issue 2, pp.5059-5065.

Овој труд содржи некои основни информации за новите тенденции во планирањето на воспитно-образовните содржини во наставата во основните училишта во Република Македонија. Целта на трудот е да послужи како пример на наставниците при планирањето на интегрирана настава во основните училишта. Поаѓајќи од фактот дека клучен елемент во трудот е интегрираното планирање на наставната работа, трудот е поделен на два дела. Во првиот дел е направен обид да се определи теоретската рамка на степените на интегрирано планирање, а во вториот дел, низ неколку модели на интегрирано планирање, авторот навлегува во неговата апликативна страна.

9. Kroteva, M., **Mirascieva, S. (2010**). *The necessity of cultural knowledge during the foreign language studies,* from World Conference on Educational Sciences "*Innovation and Creativity* "Bahcesehir University, Istanbul – Turkey, 04-08 February, Procedia Social and Behavioral Sciences Journal, ISSN 1877-0428, Vol 2, Issue 2, pp.5066-5058

Целта на трудот е да се укаже на сигнификантноста на културните студии во курикулумите за странски јазик. Всушност, трудот се фокусира на изучување на културните содржини во наставата по англиски јазик, истакнувајќи дека при изучувањето на англискиот јазик како странски јазик во училиштата преку содржини од културата, јазикот се учи полесно, поинтересно и поефективно.

**Mirascieva, S. (2010).** *The changes in the curricula in function of the improvement of the quality in education,* Academic Journal Management and Education, Vol.VI (3), kniga 3 broj VI, ISSN 13126121, pp.222-225 od megunarodna naucna konferencija "Obrazovanie, nauka, ikonomika i tehnologija", Burgas, Universitet "Asen Zlatarov", 2-4 septemvri, www. http://conference-burgas.com/feesen.html

Промените во образованието кои се определуваат како експанзивни се развиваат во линија на целокупните промени во заедницата на сите полиња. Една од нив се однесува на промените во курикулумите. Но и тие промени се разновидни како од аспект на структура и структурни елементи, цели, содржини. Последните се однесуваат на содржината на курикулумот во смисла на редизајнирање и освежување на наставните содржини. Еден таков обид на курикуларни промени кој е во тек во Република Македонија се однесува на воведувањето нови наставни содржини во курикулумите за основните училишта определени како Етика во религиите. Овде е направен обид да се определи значењето на содржините и нивната рефлексија врз квалитетот во образованието.

10. **Mirascieva, S. (2010).** *The authority of the teacher at the primary school in Macedonia-conditions and perspectives*, Сборник *„Утвърждаване и повишаване авторитета на учителя в съвременните условия"*,Варна, ЦОКТ, стр.336-352 од Първа пролетна

национална конференция „Утвърждаване и повишаване авторитета на учителя в съвременните условия", гр.Варна, 20-21.3.2010 год.

Трудот претствува обид да ја претстави состојбата со проблемот на авторитетот на наставникот во основното училиште во Македонија. Во истражувањето се опфатени наставници, ученици и родители од неколку основни училишта во Р Македонија. Резултатите добиени во истражувањето упатуваат на заклучокот дека наставниците имаат авторитет кој е локализиран односно авторитет во училницата, додека во пошироката средина, надвор од училницата тој се губи. Од тие причини еден од начините за територијално проширување на авторитетот на наставникот е создавање услови за единство во влијанието на сите воспитни фактори, родител, средина, медиуми.

11. **Mirascieva, S. (2010).** *Project-based learning through appliance of ICT in the teaching,* Сборник „Информационни технологии в обучението I-IV клас" ISBN 978-954-680-671-0, pp 170-173, научна конференция „Информационни технологии в обучението I-IV клас" С. Абланица, общ. Хаджидимово обл. Благоевград,17-18 април 2010 година.

Трудот го третира прашањето за промени во организацијата на наставата и вклучување на нови стратегии во процесот на поучување и учење. Една од нив е учењето преку проекти со примена на ИКТ во наставата. Целта на оваа стратегија е да креира нова наставна практика која ќе се рефлектира во средината во која учениците живеат и учат, што всушност е и предмет на интерес во овој труд.

12. **Мирасчиева, С. (2010).** *Умения за 21 век*, Сборник „Съвременни тенденции в предучилищното възпитание", ISBN 978-954-395-043-0, pp.23-26 од Единадесетата международна научно-практическа конференция на тема: "Съвременни тенденции в предучилищното възпитание"- 22 и 23 април, Сандански, 2010 г.

Трудот е насочен кон определување на клучните комепетенции за живот и работа во 21 век, особено нагласувајќи ја можноста да се развијат уште од најрана возраст, кај децата од предучилишна возраст.

13. **Mirascieva, S. (2010).** *What are the effects of applying the ICT in the teaching process?* 13th International Conference "ICT in the education of the Balkan countries" Varna, June 17 – 19, 2010, Bulgaria

Во трудот се говори за некои ефекти од примената на ИКТ во наставата. Имено, трудот е концепиран во неколку дела, каде што мислата почнува од значењето на ИКТ и нејзиното место и функција во наставниот процес, а се движи во насока на промените во концепирањето на наставата кои настанале, односно ги предизвикува примената на ИКТ и завршува со потенцирање на ефектите од примената на ИКТ во наставниот процес.

14. **Мирасчиева, С. (уредник) (2010).** *РАСТЕМЕ ЗАЕДНО-МОНОГРАФИЈА ОЈУДГ „АСТИБО" 1980-2010, Штип: ОЈУДГ „АСТИБО"*

Трудот е обид да се претставaт ентузијазмот, пожртвуваноста, напорите, креативноста и континуираниот развој на установата од настанокот па до денес. Монографијата има посебна вредност, таа всушност е мозаик од слики, илустрации и записи, а преку испишаните редови и целокупната содржина на потполно документиран и интересен начин хронолошки го претставуваат развојот на установата и е сведоштво на оние што ја имаат создадено оваа репрезентативна установа и на кои и денес работат на унапредувањето на установата од содржински, организациски и функционален аспект.

15. **Mirascieva, S. (2010).** *Didactical-methodical aspects of planning the educative work at the Macedonian educational system,* International scientific conference "Teacher training and development", ISBN 978-86-6191-000-5, UDK 371.13(497.7), pp.139-144, held Uzice, Republic of Serbia on12th November 2010.

Во трудот станува збор за еден нов дидактичко-методички пристап во планирањето на воспитно-образовната работа во образовните институции во Македонија, кој е во функција на професионалниот развој и усовршување на наставничкиот кадар. Овде е претставена една нова практика која се воведува во воспитно-образовниот систем во Република Македонија, а која се однесува на две клучни прашања, како на интегрираното планирање на воспитно-образовната работа, така и на еколошкото образование во воспитно-образовните институции на трите образовни нивоа: предучилишно, основно и средно образование.

16. Мирасчиева**, С. (2010).** Теоретически постулати на комуникацията в обучението, во зборникот „Student's personal development in modern education and society" Vol. IV, ISSN 1314-1996, Blagoevgrad & Sankt Peterburg, pp 171-178.

Хоризонталната и вертикална слоевитост на проблемот на комуникација во наставата со сигурност ги отвора вратите на другите науки за проучување на овој проблем. Наставата како централен дидактички проблем има сложена структура и условеност каде што свое место и влијание наоѓаат блиски и сродни научни дисциплини кои ја поставуваат теориската рамка на наставната комуникација, што е и предмет на интерес во трудот.

17. Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Jakimova, D**. (2010).** *Multikulturalism and the bilingualism in the Republic of Macedonia*, Благоевград:СУБ: Годишник Наука-образование-изкуство, Том 4, ISSN 1313-5236, pp 22-27 од 3rd Balkan conference of the Union of scientist in Bulgaria-branch Blagoevgrad titled: Science, Education and Art in the XXI century, 9-10.09.2010.

Во трудот е направена анализа на рамковниот мировен договор и промените во 2001 година со што меѓу другото се менува и употребата на јазикот на етничките заедници во јавниот живот и образовни институции, со што се официјализира билингвизмот во земјата.

18. **Mirascieva, S. (2010).** *Contemporary teaching and the social competences of the student*, Благоевград:СУБ: Годишник Наука-образование-изкуство, Том 4, ISSN 1313-5236, pp 95-101 од 3rd Balkan conference of the Union of scientist in Bulgaria-branch Blagoevgrad titled: Science, Education and Art in the XXI century, 9-10.09.2010.

Трудот го третира прашањето за идентификација на потребата од развој на индивидуални компетенции од аспект на социјализацијата и тоа одделни видови на социјални компетенции на кои во процесот на развивање големо влијание има наставата.

19. **Mirascieva, S.,** Kirova, S. **(2010).** *Problem solving teaching and ICT in teaching*, Благоевград:СУБ: Годишник Наука-образование-изкуство, Том 4, ISSN 1313-5236, pp 169-173 од 3rd Balkan conference of the Union of scientist in Bulgaria-branch Blagoevgrad titled: Science, Education and Art in the XXI century, 9-10.09.2010.

Во трудот е претставен дидактички модел на настава каде што учењето преку решавање на проблеми функционално се поврзува со примената на ИКТ во наставата. Овде се потенцира дека примената на ИКТ од содржински, структурен и организациски аспект создава можности за примена на разни иновативни дидактички модели во наставниот процес.

20. **Mirascieva, S**., Kroteva, M**. (2010).** *Some didactical aspects about changes in teaching,* Благоевград:СУБ: Годишник Наука-образование-изкуство, Том 4, ISSN 1313-5236, pp 307-310 од 3rd Balkan conference of the Union of scientist in Bulgaria-branch Blagoevgrad titled: Science, Education and Art in the XXI century, 9-10.09.2010.

Трудот го третира прашањето за промените во курикулумот, учебниците и наставните стратегии во наставата по странски јазик како и ефектите од тие промени.

21. **Mirascieva, S. (2010).** *Non violent communication in the teaching in a function of creation of simulative learning environment and keeping the lifelong learning style*, Зборник на апстракти - Петти научен собир „Образование за хумано општество", Охрид на 28 и 29 мај 2010 година.

Трудот е обид да се промовира комуникација без агресија која има силно влијание во создавањето на средина за учење која ќе го стимулира ученикот на поголема активност, самостојност, креативност и творештво, во согласност на неговите способности, интереси и можности.

22. **Мирасчиева, С.,** Петровски, В**. (2010).** *Демократските односи во наставата во правец на креативна и стимулативна средина за учење*, Зборник на апстракти- Петти научен собир „Образование за хумано општество", Охрид на 28 и 29 мај 2010 година.

Трудот по својата концепција го третира прашањето за значењето и влијанието на демократските односи во наставата врз создавањето на креативна и стимулативна средина на учење. Најпрво упатува на суштината и значењето на средината за учење за субјектот кој учи, а потоа се задржува на определување на основата на демократските односи во наставата и неговите одлики. Клучното прашање околу кое се фокусира се однесува на

идентификација на влијанието на демократските односи во наставата врз создавањето на средина која ќе стимулира учење и ќе поттикнува развој.

23. **Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, P. E. **(2010).** *Partnership in teaching - a base for student development. Зборник на апстракти - Петти научен собир „Образование за хумано општество", Охрид.*

Трудот го обработува проблемот на партнерството во наставата и неговото значење за развојот на личноста на ученикот. Говорејќи за партнерските односи, во трудот е нагласено влијанието на партнерството помеѓу директните учесници во наставата, наставникот и ученикот, во развојот на индивидуата на секој ученик и создавањето на услови за самообразование и доживотно учење.

Petrova, Gj.E., Petrovski, V., **Mirascieva, S.,** Kirova, S. **(2011).** *Solving the problem of waste*. Procedia Social and Behavioral Sciences Journal ISSN 1877- 0428) WCES, (2011) Istanbul, Volume 15 pp. 1475-1478. www.sciencedirect.com

Трудот посветува внимание на природната средина, нејзиното значење, чување и одржување. Во истиот се потенцира дека човекот е директно поврзан со природната средина, тој ја менува и приспособува истата според неговите потреби, но дека Земјата е една и единствена, и на неа живееме и треба да создадеме такви услови за живеење за нас и за идните генерации кои ќе обезбедат опстанок на човекот. Овде се истакнува дека сегашната генерација не треба да се чувствува како наследник на Земјата од претходните генерации, таа треба да ја позајми и да ја врати назад на следната генерација со сите свои убавини и вредности и во вистинска функционална состојба.

**Mirascieva, S.,** Gjorgjeva, P. E., Petrovski, V. **(2011)**.*Teaching in the religious education in the Republic of Macedonia today.* Procedia Social and Behavioral Sciences Journal. ISSN 1877-0428 Istanbul, Volume 15 pp. 1404 -1409 www.sciencedirect.com

Трудот го проучува религиското образование, всушност имплементирано во училиштето како конфесионално религиско образование или неконфесионално религиско образование – како посебен наставен предмет или инкорпориран во другите предмети. Како и во другите видови на образование, главните детерминанти и главните фактори се ученик, наставник, наставни предмети и образовна технологија.

Petrovski, V., Gjorgjeva P. E., **Mirascieva S. (2011).** *Multikulturalizam, globalization and the implications on education,* Procedia Social and Behavioral Sciences Journal ISSN 1877-0428) WCES, Istanbul, Volume 15 pp. 1366-1371. www.sciencedirect.com

Во трудот се говори за мултикулутурализмот и неговите импликации врз образованието, иницирани од глобализацијата. Овде авторите потенцира дека светот се глобализира, па народите се во зголемена економска, научна, културна и политичка меѓузависност. Согласно со тоа, глобалните мерења на образованието и културата сè повеќе доминират над локалните. Имено, во современото образование интернационалните образовни стандарди и тенденции добиваат предност, во однос на тенденциите на културно и образовно раздвојување.

**Mirascieva, S. (2011).** *Didactical principles in the teaching and education for human relations,* Procedia Social and Behavioral Sciences Journal ISSN 1877- 0428) WCES, Istanbul, Volume 15 pp.1401-1403. www.sciencedirect.com

